Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје
Бр. 03-518/1
15.09.2017

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 22-09-2017
Орг. Един. 43 | Број: 6058 | Прилог: 1 | Вредност:

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Ул. Христо Смирненски 48-1/6,
1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: +389 2 3 246 210
hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

**До:** Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија, Одделение за соработка со невладини организации

**Од:** Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје

**Предмет: Предлог за политики**

---

Почитувани,

Во врска со објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, доставуваме предлог за измена на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (во понатамошниот текст: Законот) во делот што ја регулира медицинската употреба на канабис/коноп.

Имено, со измените на Законот од февруари 2016 година (Службен весник на РМ бр.37/2016), Македонија стана 14-та земја во Европа и 3-та во регионот која ја легализираше употребата на канабис во медицински цели. При крајот на 2016 година, ХОПС спроведе истражување за резултатите од имплементацијата кое опфати анализа на текстот на Законот, искуствата и ставовите на пациените, лекарите и донесувачите на одлуки, како и моделите за регулација за медицинската употреба на канабис во Израел, Канада и Шпанија, врз чија основа беа подготвени препораки за унапредување на регулативата во Македонија.

Оваа анализа заклучи дека измените на законот не ги исполнија најавуваните и очекуваните цели бидејќи легално достапните форми на канабис не ги отсликуваат потребите за лекување на различни болести и здравствени состојби, продажните цени се премногу високи, лекарите-специјалисти само спорадично и со скептицизам препишуваат препарати од канабис, а пациентите продолжуваат да ги набавуваат лековите од црниот пазар, при тоа изложувајќи се себе и своите семејства во ризик за судир со законите. Поконкретно, беа утврдени следните пропусти во текстот на Законот кои резултираат со негова несоодветна имплементација:

- Самиот обид за регулирање лек во рамките на Закон за опојни дроги е несоодветен бидејќи ја ограничува можноста да се земат предвид спецификите на конопот како растение и продуктите што се користат за медицински цели. Бидејќи и во самиот текст на Законот, дериватите од коноп (ТХЦ, дронабинол или набилон) се класифицирани во третата листа

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ
Добитник на Меѓународната награда за ХИВ/СИДА и човекови права за 2010 година

на супстанции, односно се сметаат за лекови, тие треба да бидат регулирани со прописите за лекови или во посебен закон.

- Законот пропишува и строги услови за производство и преработка на конопот, што не е случај со регулацијата на која било друга лековита материја. Лековите што се користат во Македонија треба да бидат достапни во прометот на лекови врз основа на одобрение за ставање во промет издадено од Агенцијата за лекови по доставената потребна документација и во постапка пропишана со Законот за лекови и други медицински помагала што е усогласен со Директивата 2001/83/ЕС за медицински производи за хумана употреба.

- Строгите безбедносни критериуми (атмосферски заштитен простор со ограда висока најмалку 4 метри обиколена со 3 реда бодликава жица и со постојано видео и физичко обезбедување, како и друг задолжителен персонал) ги фаворизираат финансиски моќните правни лица за одгледувањето на коноп, така оневозможуваќи конкурентност на пазарот. Тие истовремено наметнуваат непотребни трошоци, што неминовно придонесува кон високи цени на лековите.

- Неосновани се и законските ограничувања на специјалистичките гранки во кои канабисот може да се препишува (онкологија и радиотерапија, неврологија и инфективни болести) поради тоа што канабисот е лек со мала токсичност и е делотворен за различни здравствени состојби, што всушност и експлицитно стои во образложението од предлог текстот на измените на Законот.

- Ограничувањата за препишување препарати од коноп единствено од страна на специјалисти во јавно-здравствени установи е спротивно на правото на лекување и изборот на лекар од страна на пациентите.

- Измените на Законот воведуваат и казнени одредби со високи затворски казни за одговорните лица или лицата што работат кај правните лица, при што казните не важат за производителите на афион и други контролирани супстанции регулирани со Законот. Ова е спротивно на прописите во актуелниот Кривичен законик што не предвидуваат санкција за лична употреба, односно поседување дроги и психоактивни супстанции заради лична употреба. Оваа одредба се коси и со меѓународните трендови за либерализација на политиките за дроги и препораките на надлежните агенции на ООН, поради што Комитетот за економски, социјални и културни права на ООН во јуни 2016 даде препорака за укинување на рестриктивната одредба од Законот.

- Пациентите се скептични дека пазарните цени за широкиот дијапазон форми и концентрации на препарати од коноп што се неопходни за третман на различни здравствени состојби би можеле да се намалат до ниво што е достапно за нив, и затоа сметаат дека најдобро решение би било креирањето законска рамка што ќе овозможи самостојно одгледување и преработка на коноп за лична употреба во медицински цели.

Поради горенаведеното, за Програмата на Владата за 2018 година ги предлагаме следните акции:

- Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства, преку соодветна јавна дебата и консултирање на стручната јавност и пациентите, а имајќи ги предвид добрите искуства од светот, да подготват нов предлог-закон со кој ќе се уреди медицинската употреба на коноп во Македонија. Новиот закон треба да даде само општи насоки и одредби, додека, пак, производството, преработката, дистрибуцијата и препишувањето препарати од коноп треба да биде уредено на пониско ниво, со правилници изготвени од надлежните институции.
- При подготвувањето на новото предлог-законско решение, Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства треба да ги изостават сегашните строги услови наложени за одгледување медицински коноп и треба да овозможат легална рамка во која пациентите со медицинска препорака, или од нив назначени лица, ќе можат сами да одгледуваат коноп и да го приготвуваат својот лек.
- Министерството за здравство треба да покрене иницијатива за креирање на соодветна листа на болести и специјалистички гранки надлежни за препишување на препаратите од коноп, врз основа на научните докази и искуствата од Македонија и од светот. Треба да креира и функционални протоколи за надополнување на оваа листа, како и јасни прописи за издавање на медицински препораки/рецепти.
- Министертвото за здравство и Агенцијата за лекови, во соработка со Универзитетите и Лекарската комора треба да обезбедат можности за (до)едукација на здравствените работници од медицинските гранки надлежни за препишување на лековите од коноп.
- Фондот за здравствено осигурување на позитивната листа на лекови да ги додаде препаратите од коноп.

- До Собранието на РМ итно треба да се достави иницијатива за укинување на одредбите од Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции со кои се криминализира поседувањето на коноп или негови препарати за лична употреба.

Стоиме на располагање за понатамошни консултации во однос на предложената иницијатива.

Воедно ве известуваме дека сме согласни предлогот на ХОПС да биде објавен на веб страната на Одделението за соработка со невладини организации.

Во прилог доставуваме:

- Документ за јавни политики: Конопот за медицинска употреба во Македонија – Здравје или бизнис?;
- Резиме за јавни политики (на македонски јазик);
- Резиме за јавни политики (на албански јазик).

Со почит,

Христијан Јанкулоски
Извршен директор